# П Р О С П Е К Т

# ЗА

# ПОНУДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

# НА

**ЛИБЕРТИ Акционерско Друштво за производство и промет со производи на црна металургија – ладно валан, поцинкуван и пластифициран лим Скопје**
**(ЛИБЕРТИ АД Скопје)**

# ОД

## LIBERTY HOLDCO GALATY & SKOPJE LIMITED

## (Преземач)

**Изјава од Преземачот:**

**„Комисијата за хартии од вредност не одговара за веродостојноста, потполноста и точноста на податоците содржани во овој Проспект"**

Преземач:

Liberty Holdco Galati & Skopje Limited

**Содржина на проспектот :**


1. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕЗЕМАЧОТ

2. ОДГОВОРНИ ЛИЦА

2.1. Податоци за лицата кои се одговорни за информациите содржани во проспектот

2.2. Изјава од лицата одговорни за изготвување на Проспектот

2.3. Изјава од лицата одговорни за изготвување на Проспектот

3. ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВО ИМЕ И ЗА СМЕТКА НА ПРЕЗЕМАЧОТ ЈА ДАВА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

4. ПОДАТОЦИ ЗА ЦЕЛНОТО ДРУШТВО

4.1. Фирма и седиште на целното друштво

4.2. Хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање

5. ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

5.1. Услови под кои се спроведува понудата

5.1.1. Цената по која преземачот се обврзува да ги откупи хартиите од вредност

5.1.2. Начинот на утврдувањето на цената по која ќе се откупуваат хартиите од вредност

5.1.3. Датумот на започнување и датумот на завршување на рокот за прифаќање на понудата за преземање од страна на сопствениците на хартиите од вредност

5.1.4. Праг на успешност на понудата

5.1.5. Користење на правото на принудна продажба од член 63 од Законот за преземање на акционерските друштва

5.1.6. Трошоците што ќе им се наплатуваат на имателите на хартии од вредност што ќе ја прифатат понудата

5.2. Постапката за прифаќање на понудата

5.2.1. Детален опис на процедурата за прифаќање на понудата согласно член 38 од Законот за преземање на акционерските друштва

5.2.2. Податоци за начинот на депонирање на паричниот износ, односно банкарската гаранција

5.2.3. Податоци за рокот и начинот на плаќање на хартиите од вредност за кои е дадена понудата за преземање

5.2.4. Податоци за роковите и начинот на исполнување на обврските на преземачот кои ќе настанат со прифаќање на понудата за преземање

5.2.5. Детален опис на процедурата за исплата на парите по основ на прифаќање на понудата, односно издавање или предавање на хартиите од вредност за замена

5.3. Детален опис на условите за откажување на понудата за преземање

5.3.1. Услови под кои преземачот може да ја повлече понудата за преземање

5.3.2. Условите за откажување на прифаќањето на понудата од страна на сопственикот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање

5.4. Детален опис на условите за раскинување на понудата за преземање

5.5. Детален опис на условите за одложување на понудата за преземање

5.6 Други значајни информации во врска со понудата за преземање

## 6. ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЦЕЛНОТО ДРУШТВО И ЗА ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ НА КОИ СЕ ОДНЕСУВА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

6.1. Основни податоци за целното друштво

6.2. Основни податоци за хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање

6.2.1 Поединечна и вкупна номинална вредност и број на издадени хартии од вредност, по видови и родови

6.2.2 Пазарот на кој се тргуваат овие хартии од вредност

6.2.3 Детални информации за тргувањето со хартиите од вредност по поединечни видови и родови издадени од целното друштво

6.2.4 Последната пресметана книговодствена вредност на хартиите од вредност, по родови

6.2.5 Исплатена дивиденда по акција за последните две години

6.3. Податоци за лицата кои дејствуваат заеднички со целното друштво и за начинот на нивното заедничко дејствување

6.3.1. Име и презиме односно назив, седиште и матичен број

6.3.2. Начин на нивното заедничко дејствување

6.4. Податоци за првите десет најголеми сопственици на хартии од вредност издадени од целното друштво

6.5. Ревидирани финансиски извештаи за последните две години изготвени согласно Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување и независно ревизорско мислење за последните две години изготвено согласно Меѓународните стандарди за ревизија

## 7. ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРЕЗЕМАЧОТ

7.1. Основни информации за преземачот

7.1.1. Назив, седиште и матичен број

7.1.2. Претежна дејност на преземачот

7.1.3. Основна главнина

7.1.4. Податоци за првите десет најголеми сопственици на акции со право на глас издадени од преземачот

7.1.5. Податоци за членовите на надзорниот одбор, управниот одбор/одбор на директори на преземачот

7.1.6. Доколку преземачот е дел од група (посложен деловен систем), краток опис на позицијата на преземачот во таа група

7.1.7. Податоци за друштвата во кои издавачот има мнозинско учество

7.2. Податоци за друштвата кои во врска со понудата за преземање дејствуваат во свое име и за сметка на преземачот

7.3. Податоци за лицата кои дејствуваат заеднички со преземачот и за начинот на нивното заедничко дејствување

7.3.1. Име и презиме односно назив, седиште и матичен број

7.3.2. Начин на нивното заедничко дејствување

7.4. Податоци за процентуалното учество и видот на хартиите од вредност, како и учеството во правата на глас кои преземачот и лицата кои дејствуваат заеднички при објавувањето на понудата за преземање веќе ги има во целното друштво

7.4.1. информации за бројот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање со кои преземачот се стекнал во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање

7.4.2. информации за бројот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање со кои лицата кои дејствуваат заеднички со преземачот се стекнале во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање

7.5. Финансиски извештаи за последните две години на преземачот, со наведување на мислењето од ревизорот или да се наведе дека истите не се ревидирани

7.6. Податоци за изворите на финансирање на понудата за преземање (дали понудата ќе се финансира од сопствените парични средства, преку кредит од банка или на друг начин) и за последиците од понудата на извештајот за финансиската состојба и извештајот за сеопфатната добивка на преземачот или на групата на која и припаѓа

7.7. Опис на некои значајни контакти, трансакции или преговори од страна на преземачот со целното друштво на кои се однесува понудата за преземање или со некои од акционерите на целното друштво

## 8. ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ НА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

8.1. Цел на понудата за преземање

8.2. Намерата и плановите на преземачот во однос на идното работење на целното друштво, и ако понудата за преземање има влијание и во однос на идното работење на преземачот – правно лице

8.3. Деловната политика на целното друштво по преземањето

8.3.1. Планираниот начин на управување со целното друштво

8.3.2. Политика на преструктуирање на целното друштво

8.3.3. Политика на вработување

8.3.4. Податоци за стратешките планови на преземачот за целното друштво, вклучувајќи и податоци за можното влијание на вработувањето, дејноста што целното друштво ја врши, средствата на целното друштво и неговите идни обврска, како и седиштето на целното друштво

8.3.5. Распределба на добивката на целното друштво

8.3.6. Промени на статусот на целното друштво

**П Р О С П Е К Т**

## 1. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕЗЕМАЧОТ

Назив: ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД (LIBERTY HOLDCO GALATY & SKOPJE LIMITED)

Седиште: 40 GROSVENOR PLACE, 2ND FLOOR, LONDON, UNITED KINGDOM SW1X 7GG

Матичен број: 11680699

## 2. ОДГОВОРНИ ЛИЦА:

2.1 Податоци за лицата кои се одговорни за информациите содржани во проспектот

Санјеев Гупта (Sanjeev Gupta), Директор на ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД.

2.2 Изјава од лицата одговорни за изготвување на Проспектот:

"Според нашите уверувања и сознанија и согласно со податоците со кои располагаме, под морална, материјална и кривична одговорност изјавуваме дека во Проспектот се содржани сите податоци кои му се потребни на сопственикот на хартиите од вредност кои се предмет на понудата за преземање да донесе правилна одлука во врска со прифаќањето или неприфаќањето на понудата за преземање, дека објавените податоци се вистинити, потполни и точни и дека не се испуштени било какви податоци кои би можеле да имаат влијание на одлуката на сопственикот на хартии од вредност да ја прифати понудата за преземање или не".

Санјеев Гупта (Sanjeev Gupta), Директор на ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД, претставуван од Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска, застапувано од

Адвокат Емилија Ќелешоска Шољаковска____________________ ДЕБАРЛИЕВ, ДАМЕСКИ И ЌЕЛЕШОСКА Адвокатско друштво 1

2.3 Изјава од лицата одговорни за изготвување на Проспектот:

„Понудата се однесува на сите акционери кои поседуваат обични акции издадени од целното друштво ЛИБЕРТИ АД Скопје. Преземачот се обврзува да ја купи секоја хартија од вредност во согласност со пропишаните и објавените услови.„

Санјеев Гупта (Sanjeev Gupta), Директор на ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД, претставуван од Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска, застапувано од

Адвокат Емилија Ќелешоска Шољаковска____________________

ДЕБАРЛИЕВ, ДАМЕСКИ И ЌЕЛЕШОСКА Адвокатско друштво 1

Преземач:

Liberty Holdco Galati & Skopje Limited

3. **ПОДАТОЦИ ЗА ОВЛАСТЕНОТО ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ ВО ИМЕ И ЗА СМЕТКА НА ПРЕЗЕМАЧОТ ЈА ДАВА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ**

3.1 Брокерска куќа ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје, со седиште на ул. Истарска бр. 33, 1000 Скопје, со ЕДБ: 4030998340846 и ЕМБС: 5223300.

4. **ПОДАТОЦИ ЗА ЦЕЛНОТО ДРУШТВО**

4.1 Фирма и седиште на целното друштво

ЛИБЕРТИ Акционерско друштво за производство и промет со производи на црна металургија – ладно валан, поцинкуван и пластифициран лим Скопје, со седиште на ул. 16-та Македонска Бригада бр. 18, Скопје – Гази Баба, регистрирано во Централниот регистар на Република Северна Македонија со ЕДБ: 4030997270720 и ЕМБС: 5166187 (во продолжение: ЛИБЕРТИ АД Скопје).

4.2 Хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање

*Вид и род:*

Понудата за преземање се однесува на обични акции со право на глас издадени од ЛИБЕРТИ АД Скопје.

*Бројот на хартии од вредност на кои се однесува понудата за преземање:*

Понудата за преземање се однесува на 2.227.750 обични акции со право на глас издадени од ЛИБЕРТИ АД Скопје, со ИСИН број: MKLAVA101018, кои претставуваат 6,76% од основната главнина на ЛИБЕРТИ АД Скопје.

Преземачот до денот на објавувањето на намерата за преземање поседува 30.722.963 обични акции во ЛИБЕРТИ АД Скопје односно 93,24% од основната главнина на ЛИБЕРТИ АД Скопје .

5. **ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ**

5.1 Услови под кои се спроведува понудата

5.1.1 Цената по која преземачот се обврзува да ги откупи хартиите од вредност

Преземачот се обврзува да ги откупи акциите на кои се однесува понудата за преземање по цена од 40 (четириесет) денари по акција.

5.1.2 Начинот на утврдувањето на цената по која ќе се откупуваат хартиите од вредност

Преземачот ја утврди цената врз основа на член 14 став 3 и став 5 од Законот за преземање на акционерските друштва и ја понуди просечната цена на хартиите од вредност постигната на Македонската берза во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање, објавено на 29.10.2020 година. Просечната цена на хартиите од вредност постигната на овластена берза се пресметува како проста аритметичка средина на дневните пондерирани просечни цени постигнати на овластената берза.

Сите акции од точка 4.2 став 3 кои ги поседува Преземачот во ЛИБЕРТИ АД Скопје до денот на известувањето за намерата за преземање, се стекнати како непаричен влог на основачот и единствен сопственик на Преземачот, друштвото Arcelormittal Holdings AG со сегиште во Цуг, Швајцарија, во постапка за зголемување на основната главнина на Преземачот.

Обврската за давање на задолжителна понуда за преземање на преостанатите акции издадени од ЛИБЕРТИ АД Скопје, настана поради промена во сопственичката структура на Преземачот, со која нов сопственик во Преземачот стана друштвото Liberti Galati & Skopje Limited, со седиште во Лондон, Обединето Кралство, со што Преземачот на индиректен начин го надмина контролниот праг за преземање (25%), согласно Законот за преземање на акционерските друштва.

5.1.3 Датумот на започнување и датумот на завршување на рокот за прифаќање на понудата за преземање од страна на сопствениците на хартиите од вредност

Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува да тече на денот на објавување на понудата за преземање и завршува 28 календарски денови по започнувањето на рокот за прифаќање на понудата за преземање.

Рокот за прифаќање на понудата за преземање започнува на 16.12.2020 година, а завршува на 12.01.2021 година.

5.1.4 Доколку преземачот утврди праг на успешност, најмалата количина на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање, која треба да биде прифатена за понудата за преземање да се смета за успешна (за секој вид и род на хартии од вредност поединечно), односно најнискиот процент од сите хартии од вредност на целното друштво кои преземачот, заедно со хартиите од вредност кои веќе ги поседува, треба да ги стекне врз основа на понудата за преземање за таа да биде успешна

Понудата за преземање се однесува на сите акции определени во точка 4.2 став 2 од овој Проспект. Преземачот не утврди праг на успешност, односно најмалата количина на обични акции со право на глас која треба да биде прифатена за понудата за преземање да се смета за успешна. Понудата ќе се смета за успешна без оглед на количината на акции која ќе биде прифатена, освен во случаите предвидени во член 46 од Законот за преземање на акционерските друштва.

5.1.5 Доколку преземачот во постапката за преземање се стекне со најмалку 95% од хартиите од вредност на целното друштво, податок дали ќе го користи правото на принудна продажба од член 63 од Законот за преземање на акционерските друштва:

Доколку Преземачот во постапката за преземање се стекне со најмалку 95% од акциите издадени од ЛИБЕРТИ АД Скопје, тој има право да ги купи и акциите на останатите акционери кои не ја прифатиле понудата за преземање.

Преземачот планира да го користи правото на принудна продажба под условите и на начин дефиниран во член 63 од Законот за преземање на акционерските друштва.

5.1.6 Трошоците што ќе им се наплатуваат на имателите на хартии од вредност што ќе ја прифатат понудата

Преземачот нема да ги покрива трошоците на имателите на обични акции издадени од ЛИБЕРТИ АД Скопје кои ќе ја прифатат понудата за преземање.

Сите трошоци за трансакционите провизии за имателите на обични акции издадени од ЛИБЕРТИ АД Скопје кои ќе ја прифатат понудата за преземање, имателите ќе ги покриваат самостојно.

На секој имател кој ќе ја прифати понудата за преземање ќе му се наплатат следните трансакциони провизии:

- Надомест за извршување на услуги од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност, согласно важечката Тарифа на услугите што ги врши Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје за учесниците во работата на депозитарот и корисниците на неговите услуги за:
  * Спроведување на активности при постапка на преземање на акционерско друштво - 60 денари по сметка + 18% ДДВ и
  * Нетрговски пренос на сметка – 100 денари + 18%ДДВ.

5.2 Постапката за прифаќање на понудата

5.2.1 Детален опис на процедурата за прифаќање на понудата согласно член 38 од Законот за преземање на акционерските друштва

Понудата за преземање се прифаќа од страна на имателите на обични акции издадени од ЛИБЕРТИ АД Скопје со писмена изјава за прифаќање на понудата за преземање.

Изјавата за прифаќање на понудата за преземање на Целното друштво е составен дел на Проспектот (Прилог 1).

Изјавата за прифаќање на понудата ги содржи најмалку следните информации:

1) име и презиме, односно назив и седиште на имателот на хартии од вредност кој ја прифаќа понудата за преземање и единствен матичен број на имателот на хартиите од вредност;

Преземач:
Liberty Holdco Galaxy & Skopje Limited

2) изјава од имателот на хартиите од вредност за прифаќање на понудата за преземање, како и видот, родот и количината на хартиите од вредност, кои се предмет на таа изјава;

3) трансакциска сметка во банка на имателот на хартии од вредност на која се извршува исплатата врз основа на прифатената понуда;

4) овластување на Централниот депозитар за хартии од вредност за запишување забрана за располагање со хартиите од вредност и

5) своерачен потпис на имателот на хартии од вредност кој ја прифаќа понудата за преземање.

Изјавата за прифаќање на понудата се испраќа до Брокерската куќа ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје од точка 3 на овој Проспект, при што имателите на обични акции издадени од ЛИБЕРТИ АД Скопје ги резервираат акциите на посебна сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност и не можат повеќе да располагаат со нив.

Имателите на обични акции издадени од ЛИБЕРТИ АД Скопје кои сакаат да ја прифатат понудата за преземање доставуваат уредно пополнета изјава за прифаќање на понудата, до куќа ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје, најдоцна до истекот на рокот за прифаќање на понудата за преземање од точка 5.1.3., став 2 на овој Проспект, на еден од следните начини:

- директно во седиштето на ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје на ул. Истарска бр. 33, 1000 Скопје, секој работен ден од 08:00 до 16:00 часот или

- со препорачана пошта адресирана до ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје, ул. Истарска бр. 33, 1000 Скопје. во два примерока заверени кај нотар.

Понудата за преземање се смета за прифатена со денот на резервирањето на хартиите од вредност на посебна сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност.

Согласно член 39, став 3 од Законот за преземање на акционерските друштва, со резервирање на хартиите од вредност од страна на Централниот депозитар за хартии од вредност се смета дека:

1) е склучен договор меѓу прифаќачот на понудата за преземање во својство на продавач и Преземачот во својство на купувач за продажба на хартиите од вредност кои се предмет на таа изјава по цена и под услови определени во понудата за преземање и

2) прифаќачот на понудата за преземање не може повеќе да располага со хартиите од вредност кои се предмет на изјавата за прифаќање на понудата за преземање.

5.2.2 Податоци за начинот на депонирање на паричниот износ, односно банкарската гаранција

Пред објавувањето на понудата за преземање, Преземачот на посебна сметка на Централниот депозитар за хартии од вредност депонираше средства потребни за плаќање на сите хартии од вредност од точка 4.2 став 2 од овој Проспект, согласно член 34, став 1, од Законот за преземање на акционерските друштва.

5.2.3 Податоци за рокот и начинот на плаќање на хартиите од вредност за кои е дадена понудата за преземање

Ако понудата за преземање е успешна, Централниот депозитар за хартии од вредност е должен, во рок од 8 (осум) дена по приемот на решението од Комисијата за хартии од вредност со кое се утврдува успешноста на понудата за преземање, во име и за сметка на Преземачот, да ја исполни паричната обврска кон имателите на акции кои ја прифатиле понудата за преземање.

5.2.4 Податоци за роковите и начинот на исполнување на обврските на преземачот кои ќе настанат со прифаќање на понудата за преземање

Преземачот е должен во рок од 3 (три) дена од истекот на рокот за прифаќање на понудата за преземање да објави известување во Службен весник на Р. С. Македонија и најмалку во еден дневен весник што редовно излегува на територијата на Р.С. Македонија за нејзиниот исход согласно член 47 од Законот за преземање на акционерските друштва, кое содржи податоци за вкупен број на лица кои ја прифатиле понудата, вкупна количина на хартии од вредност кои се предмет на прифатената понуда и процентуално учество на хартиите од вредност кои се предмет на прифатената понуда во вкупниот број на издадени хартии од вредност; изјава дека понудата е успешна, односно неуспешна и опис на причината за неуспех во случај кога се работи за неуспешна понуда за преземање.

Преземачот е должен во горенаведениот рок (три дена од истекот на рокот за прифаќање на понудата за преземање) да достави известување за исходот на понудата за преземање до Комисијата за хартии од вредност, Централниот депозитар за хартии од вредност и Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Доколку Преземачот во известувањето за исходот на понудата за преземање објави дека понудата за преземање е успешна, Преземачот е должен да ги откупи акциите на сите акционери кои ја прифатиле понудата.

Доколку Преземачот во постапката за преземање се стекне со најмалку 95% од акциите издадени од ЛИБЕРТИ АД Скопје, тој има право да ги купи и акциите на останатите акционери кои не ја прифатиле понудата за преземање согласно член 63 од Законот за преземање на акционерските друштва.

Доколку преземачот во постапката за преземање се стекне со најмалку 95% од акциите издадени од ЛИБЕРТИ АД Скопје, тој има обврска да ги купи и акциите на останатите акционери кои не ја прифатиле понудата за преземање, доколку акционерите кои не ја прифатиле понудата поднесат барање за принудно купување до Централниот депозитар за хартии од вредност, согласно член 64 од Законот за преземање на акционерските друштва.

5.2.5 Детален опис на процедурата за исплата на парите по основ на прифаќање на понудата

Преземач:
Liberty Holdco Galati & Skopje Limited

Во согласност со Договорот за вршење услуги во постапката за преземање на акционерско друштво, склучен помеѓу Преземачот и Централниот депозитар за хартии од вредност на ден 27.11.2020 година, Централниот депозитар за хартии од вредност е должен, во рок од 8 дена по добивањето на решението од Комисијата за хартии од вредност за успешноста на понудата за преземање, да го изврши преносот на парите, на трансакциската сметка која имателите кои ја прифатиле понудата за преземање ја навеле во изјавата од точка 5.2.1 од овој Проспект.

5.3 Детален опис на условите за откажување на понудата за преземање

5.3.1 Услови под кои преземачот може да ја повлече понудата за преземање

Доколку по објавувањето на понудата за преземање и до истекот на рокот за нејзино прифаќање друг преземач даде конкурентска понуда, Преземачот може да ја повлече понудата и да отстапи од договорите кои биле склучени со прифаќањето на оваа понуда, во согласност со член 45 од Законот за преземање на акционерските друштва.

Доколку Преземачот одлучи да ја повлече понудата за преземање, најдоцна во рок од еден работен ден ќе го објави повлекувањето на понудата за преземање. Повлекувањето има важност со денот на објавувањето. Истовремено со објавување на повлекувањето на понудата за преземање, Преземачот ќе ја ја извести Комисијата за хартии од вредност и Централниот депозитар за хартии од вредност. Со денот на објавување на повлекувањето на понудата за преземање, договорите склучени со прифаќање на повлечената понуда се сметаат за раскинати.

5.3.2 Условите за откажување на прифаќањето на понудата од страна на сопственикот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање

Во случај на конкурентска понуда за преземање, согласно член 43 од Законот за преземање на акционерските друштва, лицата кои до објавувањето на конкурентската понуда веќе ја прифатиле првата понуда за преземање со потпишување на изјавата од точка 5.2.1 од овој Проспект имаат право да отстапат од писмената изјава за нејзино прифаќање и да ја прифатат конкурентската понуда.

5.4 Детален опис на условите за раскинување на понудата за преземање, доколку понудата за преземање е дадена со услови за раскинување од член 17 од Законот за преземање на акционерските друштва

Понудата за преземање е дадена без услови за раскинување од член 17 од Законот за преземање на акционерските друштва, бидејќи за стекнување на хартиите од вредност кои се предмет на понудата за преземање, покрај дозволата за понуда за преземање од Комисијата за хартии од вредност, не е потребна претходна дозвола или претходна согласност на друг надлежен орган.

5.5 Детален опис на условите за одложување на понудата за преземање (условите за одложување мора да бидат во согласност со член 30 од Законот за преземање на акционерските друштва)

Рокот за прифаќање на понудата за преземање се продолжува во следните случаи и за следниот број на денови, но најмногу до истекот на крајниот рок, ако:

1) Преземачот ја измени понудата за преземање согласно со членот 29 од од Законот за преземање на акционерските друштва, рокот за прифаќање на понудата за преземање се продолжува за седум дена; и

2) е дадена конкурентска понуда за преземање, рокот за прифаќање на понудата за преземање се продолжува до истекот на рокот за прифаќање на конкурентската понуда, доколку тој истекува подоцна, но не подолго од истекот на крајниот рок.

Преземачот е должен да ја објави секоја промена на роковите за прифаќање на понудата за преземање.

5.6 Други значајни информации во врска со понудата за преземање

Нема други значајни информации во врска со понудата за преземање.

## 6. ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЦЕЛНОТО ДРУШТВО И ЗА ХАРТИИТЕ ОД ВРЕДНОСТ НА КОИ СЕ ОДНЕСУВА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

6.1 Основни податоци за целното друштво

Назив: ЛИБЕРТИ Акционерско друштво за производство и промет со производи на црна металургија – ладно валан, поцинкуван и пластифициран лим Скопје
Седиште: ул. 16-та Македонска Бригада бр. 18, Скопје – Гази Баба.
Матичен број: 5166187

6.2 Основни податоци за хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање

6.2.1 Поединечна и вкупна номинална вредност и број на издадени хартии од вредност, по видови и родови

- Номинална вредност на една обична акција: 5,11 евра;
- Вкупна номинална вредност: 168.378.143,43 евра;
- Број на издадени обични акции: 32.950.713

6.2.2 Пазарот на кој се тргуваат овие хартии од вредност

Обичните акции издадени од ЛИБЕРТИ АД Скопје се тргуваат на Официјалниот пазар на Македонската берза на хартии од вредност, на пазарниот сегмент Задолжителна котација, под шифрата RZLV.

6.2.3 Детални информации за тргувањето со хартиите од вредност по поединечни видови и родови издадени од целното друштво

Во последните шест месеци пред објавувањето на намерата за преземање на ЛИБЕРТИ АД Скопје (од 29.04.2020 година до 29.10.2020 година) на Македонската берза на

хартии од вредност склучена е само една трансакција со обични акции на издавачот ЛИБЕРТИ АД Скопје во која се истргувани 300 обични акции по цена од 38 денари по акција.

- графички приказ на дневната просечна цена на хартиите од вредност за последните шест месеци пред објавувањето на намерата за преземање (датумот е на x -оската, цената на y-оската);




- графички приказ на дневниот обем на тргување со хартиите од вредност за последните шест месеци пред објавувањето на намерата за преземање (датумот е на x -оската, цената на y -оската);




6.2.4 Последната пресметана книговодствена вредност на хартиите од вредност, по родови

Книговодствената вредност на обичните акции издадени од ЛИБЕРТИ АД Скопје на 31.12.2019 година изнесува -46,85 денари за една акција и е пресметана врз основа на податоците од објавените Ревидирани финансиски извештаи на ЛИБЕРТИ АД Скопје за 2019 година.

6.2.5 Исплатена дивиденда по акција за последните две години

ЛИБЕРТИ АД Скопје нема исплатено дивиденда за 2019 и 2018 година.

6.3 Податоци за лицата кои дејствуваат заеднички со целното друштво и за начинот на нивното заедничко дејствување

Според сознанијата на Преземачот, не постојат лица кои дејствуваат заеднички со целното друштво.

6.4 Податоци за првите десет најголеми сопственици на хартии од вредност издадени од целното друштво, согласно следната табела

| Име и презиме односно назив на акционерот | Број на хартии од вредност по видови, родови и класа | | Процент од вкупниот број хартии од вредност |
|---|---|---|---|
| Liberty Holdco Galaty & Skopje Limited | 30.722.963 | обични акции | 93,24% |
| Трговско друштво за трговија со тутун, тутунски преработки и други стоки и услуги МАКЕДОНИЈА ТАБАК-2000 ДОО експорт – импорт во ликвидација Штип | 547.308 | обични акции | 1,66% |
| Наталија Стојкоска | 114.953 | обични акции | 0,35% |
| Антонио Стојкоски | 112.179 | обични акции | 0,34% |
| Ѓорги Јованов | 44.119 | обични акции | 0,13% |
| Сметка за сопственици на хв-нерезиденти | 16.670 | обични акции | 0,05% |
| ТРГОВСКО ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ПРОМЕТ И УСЛУГИ СОЛОПРОМ РОБИН И ДР. ДОО ЕКСПОРТ – ИМПОРТ Скопје | 16.570 | обични акции | 0,05% |
| Миле Стојановски | 10.838 | обични акции | 0,03% |
| Димче Наумоски | 10.050 | обични акции | 0,03% |
| Iztok Zigon | 8.888 | обични акции | 0,03% |

6.5 Ревидирани финансиски извештаи за последните две години изготвени согласно Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување и независно ревизорско мислење за последните две години изготвено согласно Меѓународните стандарди за ревизија

Подолу следат Ревидираните консолидирани финансиски извештаи за 2019 и 2018 година на ЛИБЕРТИ АД Скопје заедно со независното ревизорско мислење кои се преземени преку Системот за електронско известување од котирани акционерски друштва - СЕИ Нет www.seinet.com.mk.

**Deloitte.**

Deloitte ДОО Скопје
Партизански Одреди 15А
1000 Скопје
Република Северна Македонија

ДБ:4030994253680
МБ:4881427

Тел: +389 (2) 3111 300
Факс: +389 (2) 3119 544
www.deloitte.com/mk

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

**ДО АКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДСТВОТО НА ЛИБЕРТИ АД Скопје**

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 3 - 34) на ЛИБЕРТИ АД Скопје (во понатамошниот текст "Друштвото"), кои се состојат од извештајот за финансиската состојба на ден 31 декември 2019 година и извештајот за сеопфатната добивка, извештајот за промените во главнината и извештајот за паричните текови за годината што тогаш завршува и прегледот на значајните сметководствени политики и останатите објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија и интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и стандардите за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за собирање на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување на финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Друштвото со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои што се соодветни на околностите, но не и со цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата, исто така, вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои ги имаме собрано се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ЛИБЕРТИ АД Скопје на ден 31 декември 2019 година како и резултатите од работењето и паричните текови за годината што тогаш завршува во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Северна Македонија.

(продолжува)

Deloitte се однесува на Deloitte Touche Tohmatsu Limited, правно лице основано во согласност со законите на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска, како и мрежата на неговите членки, од кои секоја е посебен и самостоен правен субјект. Ве молиме посетете ја страницата www.deloitte.com/mk/ за детален опис на правната структура Deloitte Touche Tohmatsu Limited и неговите друштва членки.

© 2020 Deloitte ДОО Скопје

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ**

**ДО АКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДСТВОТО НА**
**ЛИБЕРТИ АД Скопје (продолжение)**

*Обрнување внимание*

Како што е обелоденето во Белешката 2.4 кон финансиските извештаи, Друштвото остварило нето загуба во износ од 592,197 илјади денари за годината што завршува на 31 декември 2019 година, додека на истиот ден Друштвото остварило негативна нето главнина во износ од 1,543,693 илјади денари. Способноста на Друштвото да продолжи да работи врз основа на принципот на континуитет зависи од добивањето на континуирана финансиска поддршка од матичната компанија. Матичната компанија во Писмо за поддршка се обврза да обезбеди финансиска поддршка на Друштвото во период од 12 месеци од датумот на извештајот за финансиската состојба.

Нашето мислење не е квалификувано во врска со наведеното прашање.

*Извештај за други правни и регулаторни барања*

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување на годишниот извештај (прилог 1 кон финансиските извештаи) и годишната сметка (прилог 2 кон финансиските извештаи) во согласност со Законот за трговски друштва и истите беа прифатени и одобрени од раководството и кои Друштвото е во обврска да ги поднесе до Централниот регистар на Република Северна Македонија. Наша одговорност е да издадеме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај со годишната сметка и финансиски извештаи на Друштвото. Ние ги извршивме нашите постапки во согласност со Законот за ревизија на Република Северна Македонија и Меѓународниот стандард за ревизија 720 – Одговорности на ревизорот во врска со други информации во документи кои содржат ревидирани финансиски извештаи кој е во примена во Република Северна Македонија. Според наше мислење, историските финансиски информации обелоденети во годишниот извештај се конзистентни со годишната сметка и приложените ревидирани финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2019 година.

Делоит ДОО Скопје

Лидија Нануш
Овластен ревизор
Директор

Јане Иванов
Овластен ревизор

Скопје, 28 мај 2020 година

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
На 31 декември 2019 година
(Во илјади денари)

| | Белешка | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 6 | 740,735 | 783,578 |
| Нематеријални средства | 6 | 6,684 | 7,507 |
| Вложувања расположливи за продажба | 5 | 2,350 | 2,340 |
| | | 749,769 | 793,425 |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 7 | 1,556,216 | 1,885,061 |
| Побарувања од купувачи | 8 | 397,790 | 237,701 |
| Останати побарувања | 9 | 306,730 | 129,909 |
| Пари и парични еквиваленти | 10 | 485,991 | 169,749 |
| | | 2,748,727 | 2,422,420 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | 3,496,496 | 3,215,845 |
| **ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Акционерски капитал | 11 | 10,281,876 | 10,281,876 |
| Премии од акции | | 10,763 | 10,763 |
| Ревалоризациони резерви | | 96,590 | 146,425 |
| Акумулирана загуба | | (11,933,122) | (11,389,970) |
| | | (1,543,893) | (950,906) |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Обврски по долгорочен кредит | 12 | 308,885 | - |
| | | 308,885 | - |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 13 | 4,524,497 | 3,969,604 |
| Останати обврски | 14 | 97,943 | 47,942 |
| Пресметани обврски | 15 | 109,064 | 149,205 |
| | | 4,731,504 | 4,166,751 |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | 3,496,496 | 3,215,845 |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

Финансиски извештаи беа прифатени и одобрени од раководството на 12 март 2020 година.

Одобрено од,

Волфганг Андреас Марингер
Главен извршен директор

Елена Блажева
Финансиски контролор за
планирање и анализа

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНАТА ДОБИВКА
**За годината што завршува на 31 декември 2019 година**
**(Во илјади денари)**

| | Белешка | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од продажба | 16 | 6,516,328 | 6,753,438 |
| Останати приходи | 17 | 5,741 | 67,607 |
| | | 6,522,069 | 6,821,045 |
| **Трошоци** | | | |
| Зголемување на залихи на готови производи и производство во тек | | 70,842 | 385,157 |
| Потрошени материјали | 18 | (5,984,956) | (6,484,798) |
| Трошоци за вработените | 19 | (287,281) | (252,951) |
| Амортизација | 6 | (119,284) | (123,835) |
| Останати оперативни трошоци | 20 | (799,311) | (565,467) |
| | | (7,119,990) | (7,041,894) |
| **Загуба од оперативно работење** | | (597,921) | (220,849) |
| Финансиски приходи, нето | 21 | 5,724 | 1,894 |
| **Загуба пред оданочување** | | (592,197) | (218,955) |
| Данок на добивка | 22 | - | - |
| **Нето загуба за годината** | | (592,197) | (218,955) |
| Останата сеопфатна добивка - ревалоризација на акции | 5 | 10 | 546 |
| **Вкупна сеопфатна загуба за годината** | | (592,187) | (218,409) |
| **Загуба по акција** | 25 | | |
| *- основна (во денари)* | | (17.97) | (6.64) |
| *- разводнета (во денари)* | | (17.97) | (6.64) |

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА**
**За годината што завршува на 31 декември 2019 година**
**(Во илјади денари)**

| | Акционер. капитал | Премија од акции | Ревалор. резерви | Акумулир. загуба | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| На 1 јануари 2018 година | 10,281,876 | 10,763 | 197,445 | (11,222,068) | (731,984) |
| Загуба за годината | - | - | - | (218,955) | (218,955) |
| Пренос од ревалоризациони резерви | - | - | (51,566) | 51,566 | - |
| Останато усогласување | - | - | - | (513) | (513) |
| Останата сеопфатна добивка - ревалоризација на акции | - | - | 546 | - | 546 |
| На 31 декември 2018 година | 10,281,876 | 10,763 | 146,425 | (11,389,970) | (950,906) |
| Загуба за годината | - | - | - | (592,197) | (592,197) |
| Пренос од ревалоризациони резерви | - | - | (49,845) | 49,845 | - |
| Останато усогласување | - | - | | (800) | (800) |
| Останата сеопфатна добивка - ревалоризација на акции | - | - | 10 | - | 10 |
| На 31 декември 2019 година | 10,281,876 | 10,763 | 96,590 | (11,933,122) | (1,543,893) |

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
**За годината што завршува на 31 декември 2019 година**
**(Во илјади денари)**

| | Белешка | 2019 | 2018 |
|---|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | | |
| Загуба пред оданочување | | (592,197) | (218,955) |
| Усогласувања за: | | | |
| Амортизација | | 119,284 | 123,835 |
| Отпис на обврски | | (3,520) | - |
| Неотпишана вредност на расходувани основни средства | | 2,963 | 12,401 |
| Кусок и отпис на залихи | | 4,604 | 6,077 |
| Обезвреднување на залихи до нето реализациона вредност | | 50,000 | 26,134 |
| Резервации за судски спорови | | 11,062 | - |
| Исправка на побарувања | | 20,006 | 109 |
| Приходи за камати, нето | | (4,876) | (1,394) |
| **Загуба од оперативното работење пред промени во обртниот капитал** | | (392,674) | (51,793) |
| Намалување / (Зголемување) на залихите | | 274,241 | (985,763) |
| (Зголемување) / Намалување на побарувања од купувачи и останати побарувања | | (188,825) | 45,718 |
| Зголемување на обврски кон добавувачи и останати обврски | | 527,855 | 1,027,840 |
| Наплатени камати, нето | | 4,876 | 1,394 |
| Платен данок на добивка | | (139,535) | - |
| **Нето парични текови генерирани од оперативни активности** | | 85,938 | 37,396 |
| **Парични текови од инвестициони активности** | | | |
| Набавка на недвижности, постројки и опрема и нематеријални средства | | (78,581) | (47,255) |
| Прилив од вратена позајмица | | - | 35,397 |
| **Нето парични текови користени за инвестициони активности** | | (78,581) | (11,858) |
| **Парични текови од финансиски активности** | | | |
| Приливи по кредити, нето | | 308,885 | - |
| **Нето парични средства од финансиски активности** | | 308,885 | - |
| Нето зголемување на пари и парични еквиваленти | | 316,242 | 25,538 |
| Пари и парични еквиваленти на почеток на годината | 10 | 169,749 | 144,211 |
| **Пари и парични еквиваленти на крај на годината** | 10 | 485,991 | 169,749 |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

**Deloitte.**

Deloitte ДОО Скопје
Партизански Одреди 15А
1000 Скопје
Република Северна Македонија

ДБ:4030994253680
МБ:4881427

Тел: +389 (2) 3111 300
Факс:+389 (2) 3119 544
www.deloitte.com/mk

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

**ДО АКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДСТВОТО НА**
**АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје**

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 3 - 34) на АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје (во понатамошниот текст "Друштвото"), кои се состојат од извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2018 година и извештај за сеопфатна добивка, извештај за промените во главнината и извештај за паричните текови за годината што тогаш завршува и преглед на значајни сметководствени политики и останати објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Северна Македонија и интерна контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвување на финансиските извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија и стандардите за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за собирање на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување на финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Друштвото со цел дизајнирање на ревизорски постапки кои што се соодветни на околностите, но не и со цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата, исто така, вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои ги имаме собрано се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје на ден 31 декември 2018 година како и резултатите од работењето и паричните текови за годината што тогаш завршува во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Северна Македонија.

(продолжува)

Deloitte се однесува на Deloitte Touche Tohmatsu Limited, правно лице основано во согласност со законите на Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска, како и мрежата на неговите членки, од кои секоја е посебен и самостоен правен субјект. За повеќе посетете ја страницата www.deloitte.com/mk/ за детален опис на правната структура Deloitte Touche Tohmatsu Limited и неговите друштва членки.

© 2019 Deloitte ДОО Скопје

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

ДО АКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДСТВОТО НА
АРЦЕЛОРМИТТАЛ СКОПЈЕ (ЦРМ) АД Скопје (продолжение)

*Обрнување внимание*

Обрнуваме внимание на следниве прашања:

1) Како што е обелоденето во Белешките 2.4, 12 и 27 кон финансиските извештаи, Друштвото остварило нето загуба во износ од 218,955 илјади денари за годината што завршува на 31 декември 2018 година, додека на истиот ден акумулираната загуба изнесувала 11,389,970 илјади денари и притоа била реализирана негативна нето главнина во износ од 950,906 илјади денари. Понатаму, тековните обврски на Друштвото на 31 декември 2018 година се поголеми од тековните средства за 1,744,331 илјади денари и притоа најголем дел од обврските на Друштвото се однесуваат на обврски спрема поврзани субјекти. Дополнително, во текот на април 2019 година, Европската Комисија официјално го објави одобрувањето за продажба на дел од производствените компании од ArcelorMittal Групацијата на Liberty House Групацијата од Обединетото Кралство, вклучувајќи го и Друштвото. Како резултат на тоа, Друштвото во овој момент е во процес на промена на сопственичката структура која очекува да се заврши во последователниот период, кога Друштвото и официјално ќе ја напушти ArcelorMittal Групацијата. Овие фактори укажуваат на постоење на значајна неизвесност која може да предизвика сомневање во однос на способноста на Друштвото да продолжи да работи врз основа на принципот на континуитет.

2) Како што е обелоденето во Белешка 27, во текот на 2019 година сметководствената евиденција на Друштвото била предмет на контрола од страна на даночните власти за данокот на добивка за периодот од 1 јануари 2018 до 31 декември 2018 година при што според конечниот Записник бр. 28-13/07190-132 примен на 10 јуни 2019 година надворешната контрола констатирала дополнителна обврска за данок на добивка и затезни камати за 2018 година во вкупен износ од 173,642 илјади денари за неоприходувани обврски кон поврзани страни кои биле постари од 3 години, а за кои ниту Друштвото ниту поврзаните страни се откажале од исполнување на плаќањето на обврските и истите сметаат дека обврските постојат. На 18 јуни 2019 година, Друштвото поднело писмени забелешки и докази дека горепоменатите обврски постојат. Конечниот исход за наведеното прашање не може тековно да се утврди и затоа не е извршено резервирање за потенцијални обврски во финансиските извештаи.

Нашето мислење не е квалификувано во врска со наведените прашања.

*Извештај за други правни и регулаторни барања*

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување на годишниот извештај (прилог 1 кон финансиските извештаи) и годишната сметка (прилог 2 кон финансиските извештаи) во согласност со Законот за трговски друштва и истите беа прифатени и одобрени од раководството и кои Друштвото е во обврска да ги поднесе до Централниот регистар на Република Северна Македонија. Наша одговорност е да издадеме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај со годишната сметка и финансиски извештаи на Друштвото. Ние ги извршивме нашите постапки во согласност со Законот за ревизија на Република Северна Македонија и Меѓународниот стандард за ревизија 720 – Одговорности на ревизорот во врска со други информации во документи кои содржат ревидирани финансиски извештаи. Според наше мислење, историските финансиски информации обелоденети во годишниот извештај се конзистентни со годишната сметка и приложените ревидирани финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2018 година.

Делоит ДОО Скопје

Лидија Нануш
Овластен ревизор
Директор

Јане Иванов
Овластен ревизор

Скопје, 19 јуни 2019 година

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
На 31 декември 2018 година
(Во илјади денари)

| | Белешка | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 6 | 783,578 | 871,705 |
| Нематеријални средства | 6 | 7,507 | 8,361 |
| Вложувања расположливи за продажба | 5 | 2,340 | 1,794 |
| | | 793,425 | 881,860 |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 7 | 1,885,061 | 931,913 |
| Побарувања од купувачи | 8 | 237,701 | 242,366 |
| Останати побарувања | 9 | 129,909 | 206,577 |
| Пари и парични еквиваленти | 10 | 169,749 | 144,211 |
| | | 2,422,420 | 1,525,067 |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | 3,215,845 | 2,406,927 |
| **ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | | |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Акционерски капитал | 11 | 10,281,876 | 10,281,876 |
| Премии од акции | | 10,763 | 10,763 |
| Ревалоризациони резерви | | 146,425 | 197,445 |
| Акумулирана загуба | | (11,389,970) | (11,222,068) |
| | | (950,906) | (731,984) |
| **Тековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачи | 12 | 3,969,604 | 3,020,725 |
| Останати обврски | 13 | 47,942 | 51,785 |
| Пресметани обврски | 14 | 149,205 | 66,401 |
| | | 4,166,751 | 3,138,911 |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | 3,215,845 | 2,406,927 |

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

Финансиски извештаи беа прифатени и одобрени од раководството на 8 март 2019 година.

Одобрено од,

Волфганг Андреас Марингер
Главен извршен директор

Елена Блажева
Финансиски контролор за
планирање и анализа

## ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНАТА ДОБИВКА
За годината што завршува на 31 декември 2018 година
(Во илјади денари)

| | Белешка | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Приходи од продажба | 15 | 6,753,438 | 7,168,186 |
| Останати приходи | 16 | 67,607 | 17,679 |
| | | 6,821,045 | 7,185,865 |
| **Трошоци** | | | |
| Зголемување/(Намалување) на залихи на готови производи и производство во тек | | 385,157 | (107,107) |
| Потрошени материјали | 17 | (6,484,798) | (6,221,490) |
| Трошоци за вработените | 18 | (252,951) | (237,262) |
| Амортизација | 6 | (123,835) | (223,535) |
| Останати оперативни трошоци | 19 | (585,467) | (601,291) |
| | | (7,041,894) | (7,390,685) |
| **Загуба од оперативно работење** | | (220,849) | (204,820) |
| Финансиски приходи, нето | 20 | 1,894 | 7,636 |
| **Загуба пред оданочување** | | (218,955) | (197,184) |
| Данок на добивка | 21 | - | - |
| **Нето загуба за годината** | | (218,955) | (197,184) |
| Останата сеопфатна добивка - ревалоризација на акции | 5 | 546 | 253 |
| **Вкупна сеопфатна загуба за годината** | | (218,409) | (196,931) |
| **Загуба по акција** | 24 | | |
| *- основна (во денари)* | | (6.64) | (5.98) |
| *- разводнета (во денари)* | | (6.64) | (5.98) |

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА**
За годината што завршува на 31 декември 2018 година
(Во илјади денари)

| | Акционер. капитал | Премија од акции | Ревалор. резерви | Акумулир. загуба | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| На 1 јануари 2017 година | 10,281,876 | 10,763 | 342,233 | (11,168,681) | (533,809) |
| Загуба за годината | - | - | - | (197,184) | (197,184) |
| Пренос од ревалоризациони резерви | - | - | (145,041) | 145,041 | - |
| Останато усогласување | - | - | - | (1,244) | (1,244) |
| Останата сеопфатна добивка - ревалоризација на акции | - | - | 253 | - | 253 |
| На 31 декември 2017 година | 10,281,876 | 10,763 | 197,445 | (11,222,068) | (731,984) |
| Загуба за годината | - | - | - | (218,955) | (218,955) |
| Пренос од ревалоризациони резерви | - | - | (51,566) | 51,566 | - |
| Останато усогласување | - | - | - | (513) | (513) |
| Останата сеопфатна добивка - ревалоризација на акции | - | - | 546 | - | 546 |
| На 31 декември 2018 година | 10,281,876 | 10,763 | 146,425 | (11,389,970) | (950,906) |

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ

За годината што завршува на 31 декември 2018 година
(Во илјади денари)

| | Белешка | 2018 | 2017 |
|---|---|---|---|
| **Парични текови од оперативни активности** | | | |
| Загуба пред оданочување | | (218,955) | (197,184) |
| Усогласувања за: | | | |
| Амортизација | | 123,835 | 223,535 |
| Отпис на обврски | | - | (14,245) |
| Неотпишана вредност на отпишани/отуѓени основни средства | | 12,401 | 3,451 |
| Кусок и отпис на залихи | | 6,077 | 4,849 |
| Приходи за камати, нето | | (1,355) | (7,987) |
| **(Загуба)/добивка од оперативното работење пред промени во обртниот капитал** | | (77,997) | 12,419 |
| (Зголемување)/намалување на залихите | | (959,629) | 375,839 |
| Намалување/(зголемување) на побарувања од купувачи и останати побарувања | | 45,827 | (112,504) |
| Зголемување/(намалување) на обврски кон добавувачи и останати обврски | | 1,027,840 | (130,885) |
| Наплатени камати, нето | | 1,355 | 5,230 |
| **Нето парични текови генерирани од оперативни активности** | | 37,396 | 150,099 |
| **Парични текови од инвестициони активности** | | | |
| Набавка на недвижности, постројки и опрема и нематеријални средства | | (47,255) | (86,209) |
| Прилив од вратена позајмица | | 35,397 | - |
| **Нето парични текови користени за инвестициони активности** | | (11,858) | (86,209) |
| Нето зголемување на пари и парични еквиваленти | | 25,538 | 63,890 |
| Пари и парични еквиваленти на почеток на годината | 10 | 144,211 | 80,321 |
| **Пари и парични еквиваленти на крај на годината** | 10 | 169,749 | 144,211 |

Белешките кон финансиските извештаи претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

## 7. ДЕТАЛНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРЕЗЕМАЧОТ

### 7.1 Основни информации за преземачот

#### 7.1.1 Назив, седиште и матичен број

Назив: ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД (LIBERTY HOLDCO GALATY & SKOPJE LIMITED)
Седиште: 40 GROSVENOR PLACE, 2ND FLOOR, LONDON, UNITED KINGDOM SW1X 7GG
Матичен број: 11680699

#### 7.1.2 Претежна дејност на преземачот

ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД е основана како холдинг компанија, регистрирана во Трговскиот регистар на Обединетото Кралство (Companies House), со шифра на претежна дејност (SIC Code) 64209 - Активности на други холдинг компании кои не се класифицирани на друго место, согласно стандардната класификацијата на дејности во Обединетото Кралство (Standard industrial classification of economjc activities - SIC).

#### 7.1.3 Основна главнина

Основната главнина на ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД изнесува 5 Евра и се состои од 5 удели со номинална вредност од 1 Евро по удел.

#### 7.1.4 Податоци за првите десет најголеми сопственици на акции со право на глас издадени од преземачот, согласно следната табела

| Име и презиме односно назив на акционерот | Број на хартии од вредност, по видови, родови и класи | Процент од вкупниот број хартии од вредност |
|---|---|---|
| Liberty Galati & Skopje Limited | 5 обични удели | 100% од уделите |

#### 7.1.5 Податоци за членовите на надзорниот одбор, управниот одбор/одбор на директори на преземачот

ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД е управувано од единствениот директор Санјеев Гупта.

#### 7.1.6 Доколку преземачот е дел од група (пословен деловен систем), краток опис на позицијата на преземачот во таа група

ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД (основана под називот Arcelormittal UK Holding Limited, подоцна променет во CBA Steel Limited) припаѓа на меѓународната групација Liberty House Group, со седиште во Лондон, специјализирана за производство

на челик и алуминиум, како и за важни трговски операции со суровини и рециклирање на метал.

ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД е дел од поголема група новоосновани холдинг компании со цел преземање и управување со компании на Арцелормиттал Групацијата во Европа, заради исполнување на регулаторни барања од страна на Европската Комисија:

* ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД е во сопственост на Liberty Galati & Skopje Limited со седиште 7 Hertford Street, London, United Kingdom, W1J 7RH, со регистарски број 12049505
* Liberty Galati & Skopje Limited е во сопственост на Liberty Steel East Europe (Bidco) Limited, со седиште 7 Hertford Street, London, United Kingdom, со регистарски број 11605518
* Liberty Steel East Europe (Bidco) Limited е во сопственост на Liberty Steel East Europe (Midco) Limited, со седиште 7 Hertford Street, London, United Kingdom, со регистарски број 11605054
* Liberty Steel East Europe (Midco) Limited е во сопственост на Liberty Steel East Europe (Holdco) Limited, со седиште 7 Hertford Street, London, United Kingdom, со регистарски број 11604439, каде како краен сопственик се јавува г-дин Sanjeev Gupta.

7.1.7 Податоци за друштвата во кои преземачот има мнозинско учество (назив, земја во која се основани или работат, процентот на сопственост и ако е различен и процентот на гласачката моќ)

| Назив на друштвото | Земја | Процент на сопственост | Процент на гласачка моќ |
|---|---|---|---|
| Liberty Galaty S.A.<br>Регистарски број:<br>J17/21/1991 | Романија | 99,7% | 99,7% |
| Либерти АД Скопје<br>ЕМБС: 5166187 | С. Македонија | 93,24% | 93,24% |
| Romportment S.A.<br>Регистарски број:<br>J17/103/1991 | Романија | 88.43% | 88.43% |

7.2 Податоци за друштвата кои во врска со понудата за преземање дејствуваат во свое име и за сметка на преземачот

Преземач:
Liberty Holdco Galati & Skopje Limited

Не постојат друштвата, кои во врска со понудата за преземање, дејствуваат во свое име и за сметка на Преземачот.

7.3 Податоци за лицата кои дејствуваат заеднички со преземачот и за начинот на нивното заедничко дејствување

Не постојат лица кои дејствуваат заеднички со Преземачот.

7.4 Податоци за процентуалното учество и видот на хартиите од вредност, како и учеството во правата на глас кои преземачот и лицата кои дејствуваат заеднички при објавувањето на понудата за преземање веќе ги има во целното друштво:

7.4.1 Информации за бројот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање со кои преземачот се стекнал во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање

| Датум на трансакцијата* | Број на хартии од вредност | Цената по која се стекнати хартиите од вредност* | Вкупна вредност на трансакцијата* | Претходна состојба | Состојба по промени |
|---|---|---|---|---|---|
| 03.02.2020 | 30.722.963 | / | / | 0 | 30.722.963 |

* Преземачот ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД се стекна со 30.722.963 обични акции издадени од Арцелормиттал АД Скопје (ЦРМ) со сегашен назив ЛИБЕРТИ АД Скопје, врз основа на договор за вложување на акции како непаричен влог во постапка за зголемување на основната главнина на Преземачот, склучен на ден 21.06.2019 година помеѓу CBA Steel Limited (сега со назив ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД) и Арцелор Миттал Холдингс АГ, како единствен сопственик на Преземачот на датумот на склучување на договорот. Уписот на акциите во имотот на ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД е извршен на 21.06.2019 година, во Регистарот на компании на Обединетото кралство (Companies House). На 03.02.2020 година преку нетрговски пренос е извршен упис во акционерската книга на ЛИБЕРТИ АД Скопје што се води во Централниот депозитар за хартии од вредност, на ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД како сопственик на 30.722.963 обични акции.

7.4.2 Информации за бројот на хартиите од вредност на кои се однесува понудата за преземање со кои лицата кои дејствуваат заеднички со преземачот се стекнале во последните 12 месеци пред известувањето за намерата за преземање (за секое лице поединечно)

Не постојат лица кои дејствуваат заеднички со Преземачот.

7.5 Финансиски извештаи за последните две години на преземачот, со наведување на мислењето од ревизорот или да се наведе дека истите не се ревидирани

ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД е основана на 15 ноември 2018 година и има изготвено финансиски извештаи за период кој завршува на 31.03.2020 година. Презентираните Финансиски извештаи ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД со состојба на 31.03.2020 година се обезбедени од Преземачот и истите не се ревидирани.

ЛИБЕРТИ ДОКУМЕНТИ ЗА КРАЈ НА ГОДИНА

Прилог: 1

ПРАВНО ЛИЦЕ: Либерти Холдко Галати & Скопје лимитед

Заклучно со: 31 Март 2020

Биланс на успех

| | 31/03/20 ЕУР | 31/03/20 ЕУР |
|---|---|---|
| Приход | - | - |
| Трошоци за продажба | - | - |
| Бруто профит/(загуба) | - | - |
| Исплати | - | - |
| Административни трошоци | - | - |
| Други оперативни приходи/трошоци | - | - |
| Приходи/(трошоци) од други инвестиции во недвижности | - | - |
| Оперативен профит/(загуба) | - | - |
| Приход/(трошоци) од акции во заеднички друштва | - | - |
| Приход/(трошоци) од акции во заедничко вложување и поврзани друштва | - | - |
| Приход/(трошоци) од учество | - | - |
| Вкупен оперативен профит/(загуба) | - | - |
| Друго: | | |
| Профит/загува од продажба на недвижности | | |
| Настаната загуба од продажба или прекин на активности | | |
| Комплетна реорганизација | | |
| Профит/загуба од вообичаени активности пред камата | - | - |
| Камата за наплата и слични приходи | - | - |
| Камата за плаќање и слични надоместоци | - | - |
| Други финансиски трошоци | - | - |
| Профит/(загуба) од вообичаени активности пред оданочување | - | - |
| Данок(надоместок)/ на вообичаени активности | | |
| Профит /(загуба) од вообичаени активности по оданочување | - | - |
| Малцинско учество | | |
| Протиф/(загуба) за финансиската година | - | - |

| Мемо ЕБИТДА | 31/03/20 ЕУР | 31/03/20 ЕУР |
|---|---|---|
| ЕБИТДА пресметка | | |
| Оперативен профит/(загуба) | - | - |
| Дополнување: непарични средства (депрецијација и амортизација) | - | - |
| ЕБИТДА | - | - |

ЛИБЕРТИ ДОКУМЕНТИ ЗА КРАЈ НА ГОДИНА

Прилог: 1А

ПРАВНО ЛИЦЕ: Либерти Холдко Галати & Скопје лимитед

Заклучно со: 31 Март 2020

| Прилог реф | 31/03/20 ЕУР | 31/03/20 ЕУР |
|---|---|---|
| **Изјава за други значајни приходи** | | |
| Друштво/оддел | - | - |
| Заедничко вложување и соработка | | |
| | | |
| Нереализиран остаток од ревалуација на недвижен имот | - | - |
| Курсна разлика од вложување во девизи | - | - |
| Данок на прилагодување на резерви | | |
| Акутарска добивка/(загуба) препознаена во пензиската шема | - | - |
| Движења во одложен данок во врска со акутарска добивка/(загуба) | | |
| Моментални даночни импликации на надоместоците во пензиска шема | - | - |
| Вкупно евидентирана добивка и загуби во годината | - | - |
| Друштво/оддел | - | - |
| Заедничко вложување и соработка | - | - |
| | - | - |
| **Известување за претходни трошоци профит и загуби** | | |
| Пријавен профит/(загуба) од вообичаени активности пред оданочување | - | - |
| Реализација на ревалуација на добивка од недвижен имот во претходни години | | |
| Разлика помеѓу претходни трошоци на депрецеација и моментален трошок на депрецеација врз основа на повторно проценета вредност | | |
| Претходен Профит/загуба од вообичаени активности | - | - |
| Претходен Профит/загуба од вообичаени активности по оданпчување, и малцински интереси | - | - |
| **Порамнување на движења на финансиски средства/(дефицит)** | | |
| Профит/(загуба) во финансиската година | - | - |
| Дивиденда | - | - |
| Други препознаени добивки и загуби за претметната година | - | - |
| Издадени обични акции за пари или за преземање | - | - |
| Добиен goodwill од престанок на друштво основано од друштвото | | |
| Профит /(загуба) од вообичаени активности по оданочување | - | - |
| Нето промена во средства на содружници/(дефицит) | - | - |
| Средства на содружници /(дефицит) b/fwd | | |
| Средства на содружници /(дефицит) c/fwd | - | - |

ЛИБЕРТИ ДОКУМЕНТИ ЗА КРАЈ НА ГОДИНА

Прилог: 2

ПРАВНО ЛИЦЕ: Либерти Холдко Галати & Скопје лимитед

Заклучно со: **31 Март 2020**

Биланс на состојба

| | 31/03/20 ЕУР | 31/03/20 ЕУР |
|---|---|---|
| Основни средства | | |
| Goodwill | - | - |
| негативен goodwill | - | - |
| Вкупен goodwill | - | - |
| Недвижен имот | - | - |
| Вкупен недвижен имот | - | - |
| Подвижен имот | - | |
| Инвестиции | 9,999,999 | - |
| Вкупен подвижен имот | 9,999,999 | - |
| Вкупни основни средства | 9,999,999 | - |
| Моментални средства | | |
| Акции | - | - |
| Должници чие побарување доспева во рок од една година | 1 | - |
| Должници чие побарување доспева во рок од повеќе од една година | - | - |
| Вкупно должници: | 1 | - |
| Имот кој се поседува/ кој е во владение со цел за продавање | | |
| Кеш во банка | - | - |
| Вкупно моментални средства | 1 | - |
| Доверители: износи кои доспеваат во рок од една година | - | - |
| Нето вкупни средства/(обврски) | 1 | - |
| Вкупни средства без обврски | 10,000,000 | - |
| Доверители: износи кои доспеваат во рок од повеќе од една година | - | - |
| Профит /(загуба) од вообичаени активности по оданочување | - | - |
| **Нето средства/(обврски) без обврски поврзани со пензии** | 10,000,000 | - |
| Обврски поврзани со пензии | - | - |
| **Нето средства/(обврски)** | 10,000,000 | - |
| Капитал и резерви | | |
| Издадени удели | 5 | |
| Задолжителна резерва | - | |
| Резерва за ревалоризација | - | |
| Други резерви | 9,999,995 | |
| Пресметка за профит и загуби без пензиски резерви | - | |
| Пензиски резерви | - | |
| **Вкупно средства на содружници/(дефицит)** | 10,000,000 | - |
| Малцински интерес | | |
| Вкупен капитал | 10,000,000 | - |

7.6 Податоци за изворите на финансирање на понудата за преземање (дали понудата ќе се финансира од сопствените парични средства, преку кредит од банка или на друг начин) и за последиците од понудата на извештајот за финансиската состојба и извештајот за сеопфатната добивка на преземачот или на групата на која и припаѓа

Понудата за преземање е во целост обезбедена со готови средства депонирани на посебна сметка во Централниот депозитар за хартии од вредност, кои Преземачот ги обезбеди преку меѓукомпаниски заем во рамките на групата на која и припаѓа.

Реализацијата на понудата за преземање нема да предизвика значајни ефекти на финансиските извештаи на Преземачот или на другите компании во групата на која и припаѓа, бидејќи Преземачот веќе поседува 93,24% од акциите во целното друштво.

7.7 Опис на некои значајни контакти, трансакции или преговори од страна на преземачот со целното друштво на кои се однесува понудата за преземање или со некои од акционерите на целното друштво

ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД како мнозински сопственик во ЛИБЕРТИ АД Скопје од 03.02.2020 година, кој поседува 93,24% од правата на глас на друштвото, остварува контакти со целното друштво во рамките на редовното управување со друштвото. Освен редовната комуникација, не постојат значајни контакти, трансакции или преговори помеѓу ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД и ЛИБЕРТИ АД Скопје во врска со понудата за преземање.

## 8. ОЧЕКУВАНИ ИСХОДИ НА ПОНУДАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ

8.1 Цел на понудата за преземање

ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД, основано под називот Арцелормиттал УК Холдинг Лимитед (подоцна променет во CBA Steel Limited), од страна Арцелормиттал Холдингс АГ, со седиште во Швајцарија, стана мнозински акционер во ЛИБЕРТИ АД Скопје, со претходен назив АрцелорМиттал АД Скопје (ЦРМ), врз основа на договор кој на 21.06.2019 година, под називот CBA Steel Limited го склучи со основачот Арцелормиттал Холдингс АГ, како сопственик на 30.722.963 обични акции издадени од АрцелорМиттал АД Скопје (ЦРМ), со кој Арцелормиттал Холдингс АГ се обврза да ги пренесе неговите акции во АрцелорМиттал АД Скопје (ЦРМ) како непаричен влог за стекнување за новоиздадени удели од ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД (тогаш со назив CBA Steel Limited). Преносот е регистриран во Регистарот на компании (Companies House) на Обединетото кралство, на 21.06.2019 година. На тој начин CBA Steel Limited се стекна со контролен пакет од 93,24% од акциите со право на глас на АрцелорМиттал АД Скопје (ЦРМ) односно ЛИБЕРТИ АД Скопје, без да даде понуда за преземање, бидејќи преносот на акциите се изврши помеѓу друштва поврзани во Арцелормиттал Групацијата.

Преземач:
Liberty Holdco Galati & Skopje Limited

На ден 30.06.2019 година дојде до промена на сопственоста на CBA Steel Limited кое подоцна го промени називот во ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД, при што нов сопственик стана Либерти Галати & Скопје Лимитед, кој е дел од Либерти Хаус Групацијата, што согласно Законот за преземање на акционерските друштва се смета за индиректно стекнување со кое е надминат контролниот праг за преземање (25%), со што настана обврската за ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД за задолжително преземање на преостанатите акции во ЛИБЕРТИ АД Скопје.

Поради тоа, целта на понудата за преземање е постапување согласно член 9 од Законот за преземање на акционерските друштва, односно поднесување на задолжителна понуда за преземање поради надминување на контролниот праг (25%) во целното друштво – ЛИБЕРТИ АД Скопје.

8.2 Намерата и плановите на преземачот во однос на идното работење на целното друштво, и ако понудата за преземање има влијание и во однос на идното работење на преземачот - правно лице

Со оглед дека ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД веќе поседува 93,24% од обичните акции на ЛИБЕРТИ АД Скопје, преземањето на дел или на сите акции на целното друштво со понудата за преземање, која се дава заради исполнување на законската обврска, како што е објаснето во точка 8.1. од овој Проспект, нема значајно да ја промени позицијата на Преземачот во управувањето со друштвото, така што понудата за преземање нема да има влијание врз идните деловни планови на Преземачот во однос на целното друштво, ниту во однос на неговото идно работење.

Плановите на Преземачот за идното работење на ЛИБЕРТИ АД Скопје, како и пред давањето на понудата за преземање остануваат фокусирани на продолжување на производството на безбеден и одржлив челик преку континуирано инвестирање во опремата и производните линии, ширење кон други пазари, флексибилна и сигурна услуга со краток рок на испорака.

8.3 Деловната политика на целното друштво по преземањето

8.3.1 Планираниот начин на управување со целното друштво

Преземачот не панира промена во политиката на управување со ЛИБЕРТИ АД Скопје и ќе го задржи постојниот начин на управување, кој согласно Статутот на друштвото, е организиран како едностепен систем со одбор на директори.

8.3.2 Политика на преструктуирање на целното друштво

Преземачот не планира значајни промени во организационата поставеност на целното друштво по преземањето.

Во рамките на постоечката организациона структура Преземачот ќе продолжи да го модернизира работењето преку внес на нови знаења и искуства во насока на поекономично и попродуктивно работење.

8.3.3 Политика на вработување (податоци за политиката за заштитата и зачувувањето на работните места на вработените и органот на управување, вклучувајќи и податок за секоја измена на условите за вработување)

Преземачот не планира промени во досегашната политика на вработување и раководење со човечките ресурси во целното друштво и ќе продолжи да води општествено одговорна политика на вработување која ќе биде целосно усогласена со регулативата за работни односи.

Преземачот планира да ги задржи постојните вработени на целното друштво и ќе продолжи да се потпира на нивното стручно знаење и да инвестира во нивниот стручен развој преку обуки за стекнување дополнително знаење и вештини, што ќе придонесе кон попродуктивно работење.

8.3.4 Податоци за стратешките планови на преземачот за целното друштво, вклучувајќи и податоци за можното влијание на вработувањето, дејноста што целното друштво ја врши, средствата на целното друштво и неговите идни обврски, како и седиштето на целното друштво

Преземачот планира да го продолжи развојот на основната дејност целното друштво - производство и пласман на челик, преку проширување на нови пазари и развивање на нови продукти во согласност со барањата и потребите на потрошувачите, но истовремено и понатаму прв приоритет ќе биде безбедноста и здравјето на вработените, како и заштитата на животната средина.

Преземачот ќе ја поддржи заложбата на ЛИБЕРТИ АД Скопје за унапредување на стратегијата за намалување на внатрешните трошоци со цел да биде конкурентна на пазарот.

Преземачот не планира промена на седиштето на целното друштво.

8.3.5 Распределба на добивката на целното друштво

Евентуалната идна добивка на целното друштво ќе се користи за покривање на акумулираната загуба од претходните години.

8.3.6 Промени на статусот на целното друштво

Преземачот не планира да го менува статусот на друштвото.

Преземач
Liberty Holdco Galati & Skopje Limited

ДЕБАРЛИЕВ, ДАМЕСКИ И ЌЕЛЕШОСКА
Адвокатско друштво 1

---

За ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД
директорот Санјеев Гупта, преку полномошник
Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска,
Адвокат Емилија Ќелешоска Шољаковска

Преземач:

Liberty Holdco Galati & Skopje Limited

Прилог 1

**ИЗЈАВА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ПОНУДА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ**

Врз основа на Проспектот за преземањето на акции во ЛИБЕРТИ АД Скопје, објавен на 16.12.2020 година од страна на преземачот ЛИБЕРТИ ХОЛДКО ГАЛАТИ & СКОПЈЕ ЛИМИТЕД(LIBERTY HOLDCO GALATI & SKOPJE LIMITED), јас/ние:

Пополнува физичко лице

Име и презиме: ________________________________

Адреса на живеење: ________________________________

ЕМБГ: ________________________________

Пополнува правно лице

Назив: ________________________________

Седиште: ________________________________

ЕМБС: ________________________________

Застапник по закон: ________________________________

ја давам следната:

**ИЗЈАВА**

Јас________________________________, во својство на акционер/застапник по закон на ________________________________ изјавувам дека ја прифаќам објавената понуда за преземање на акции во ЛИБЕРТИ АД Скопје согласно условите наведени во истата и неотповикливо се согласувам да продадам ____________________ обични акции кои јас/ние ги поседувам/е во ЛИБЕРТИ АД Скопје.

Со оваа изјава го овластувам Централниот Депозитар за Хартии од Вредност АД Скопје да изврши рерервирање и да го ограничи располагањето со наведените акции по добивањето на оваа Изјава.

Исплатата на паричниот износ врз основа на прифатената понуда за преземање барам да се изврши на следната сметка:

Број на сметка: ________________________________

Банка: ________________________________

Во ________________, на________________ година

________________________________

Име и презиме, потпис и ЕМБГ (физички лица)

________________________________

Потпис, печат и ЕМБС (правни лица)

**ОВАА ИЗЈАВА ЗА ПРИФАЌАЊЕ ТРЕБА ДА СЕ ИСПРАТИ НА:**

**ИНВЕСТБРОКЕР АД Скопје**

**Ул. Истарска бр.33 влез 1/локал 4 – приземје, Скопје - Центар**

Преземач:

Liberty Holdco Galati & Skopje Limited